# MARMOFIX
NATURA

Технички податоци

**<u>Опис на производот</u>**

**MARMOFIX Dispersionsfarbe Innen**: Емулзиона боја со многу добар квалитет за употреба во внатрешни површини

- Многу добра покривна моќ
- Одлична белина
- Долготрајна стабилност на боите
- Дава мазен мат допир
- Одлични својства на примена и израмнување без прскање
- Одлично прилепување и брзо сушење
- Економично решение за често бојадисување и освежување
- Без амонијак

**<u>Препорачена употреба</u>**

**DIPSPERSIONSFARBE**
Innen

Наменет е за заштитна и декоративна употреба во внатрешни ѕидни површини од малтери, бетон, цигли, дрво, стуко, гипс картони, пластика (дневни соби, канцеларии итн).




...GARANTIERTE
**QUALITÄT!**

www.marmofix.ch

Marmofix DOOEL Chelopek, Brvenica
Address: 101 Str, No. 3, Chelopek, 1216
Tetovo, R. North Macedonia
Tel: +389 75 211 222

# Технички податоци
## **DISPERSIONFARBE** Innen

**Технички карактеристики**

| | |
|---|---|
| **Смола** | Стирен акрилатен кополимер |
| **Густина (бела)** | 1,60±0,05 gr/ml |
| **Вискозност по производство (бела)**<br>**Вискозност при складирање (бела)** | 105±5 KU 23°C<br>105±5 KU 23°C |
| **Потрошувачка** | Во зависност од впивливоста, порозноста, и текстурата на површината просечната потрошувачка за два слоја е: 0.25–0.30 kg/m$^2$ |
| **Сушење (бела)**<br>**Време за нанесување на втор слој (бела)**<br>**Сушење (нијанси)**<br>**Време за нанесување на втор слој (нијанси)** | 35±10 минути<br>1±¼ часа<br>40±10 минути<br>2±¼ часа<br>(Времето на сушење и времето потребно за нанесување на втор слој може да се продолжи при услови на ниски температури и висока релативна влажност) |
| **Нијанси** | Достапна во бела боја и стотици нијанси преку системот за пигментизација MARMOFIXTINTING SYSTEM (MTS) |
| **VOC (Испарливи органски соединенија)** | Граничната вредност за овој производ од Категоријата A/a е 30g/l (2010). Производот содржи максимално 29g/l. |

**Подготовка на супстратот и инструкции за примена**

- **Подготовка на супстратот**
  Супстратот треба да биде чист, сув и да не содржи дефективен и слабо врзан материјал, прашина, нечистотии, масла, и соли. Стари слоеви што можат лесно да се излупат треба да се отстранат.
  Новите површини треба да се импрегнираат со **TIEFGRUND TG-130 PRIMER,** разреден до 50% со вода.
  Површините со мувла и алги треба да се чистат/дезинфицираат пред да се нанесе подлогата.
- **Припрема и нанесување**
  **Метода на нанесување:** Четка, ваљак, прскање без воздух
  **Разредувач:** Вода
  **Разредување:** 10-20% v/v
  **MARMOFIX Dispersionsfarbe Innen** обично се нанесува во два слоја.
  Во континуирани сидни површини треба да се нанесе без прекини, за да се избегнат неизедначено обоени површини, нерамномерно сушење итн.
  Нанесувањето не треба да се врши при температури под +5°C и над +30°C. При и после сите нанесувања, производите треба да се чуваат од временските влијанија. Опремата да се чисти со вода веднаш по употреба.
  По употреба, опремата да се исчисти со вода.

**Складирање и ракување**

Да се чува вон дофат на деца. Не се потребни посебни мерки при работа со **MARMOFIX Dispersionsfarbe Innen**. Кога производот се нанесува со прскање, користете заштитни наочари, ракавици, и маска. Во случај на допир со кожата или очите мијте со обилно количество вода, и по потреба побарајте лекарска помош.

Остатокот од производот треба да се фрли во согласност со локалните правила. Не треба да се фрли во канализации или во околината. Сув или цврст остаток може да биде фрлен како остаток од градежните работи или како домашен отпад.

**MARMOFIX Dispersionsfarbe Innen** треба да се складира на температури меѓу +5 °C и +25 °C и подалеку од сончевата светлина. Во оригинални, неотворени кофи и при горенаведените услови, **MARMOFIX Dispersionsfarbe Innen** може да се складира за 24 месеци.

**Пакување**

20 kg кофи

